Дневник on-line издание

прва страна | инфо | прилози | импресум | маркетинг | контакт

вторник, 14 април 2009

ExploringMacedonia.com ИСТРАЖЕТЕ И РЕЗЕРВИРАЈТЕ

МАКЕДОНИЈА
ЕКОНОМИЈА
ОТВОРЕНА
СВЕТ
ХРОНИКА
КУЛТУРА
СКОПЈЕ
СПОРТ
СЦЕНА
ОМНИБУС
АРХИВА
ПРЕТХОДНИ СОДРЖИНИ

НАСЛОВНА

НАЈЧИТАНИ

2.Ограбија, пукаа, избегаа 5.402 посети

2.Бендевска го растроила Коњановски 4.068 посети

1.„Езерце" бранува и срамнето со земја 3.341 посети

ПРЕБАРУВАЊЕ

dnevnik.com.mk

Барај со НАЈДИ!

Барај со НАБУ

Powered by nextsense webBuilder

ПРИЈАТЕЛИ НА ДНЕВНИК

# ИНСТИТУЦИИТЕ ВО БОРБА ПРОТИВ КИЧОТ

## Вистинската уметност на дланка

Во време на експанзија на кичот промовирањето уметност е повеќе од оправдано, вели Марија Ѓоргова од Министерството за култура



Секој има право на вистинска уметност. Можеби некој претпочита кич, но и таа група љубители на уметноста треба да добијат шанса да избираат. Луѓето со префинет вкус, пак, дефинитивно заслужуваат да видат висока уметност.Под ова мото во 12 града во земјава ќе бидат отворани изложби на дела од домашни и од британски автори. Уметничката турнеја почнува денеска, во 12 часот, во Центарот за култура „Григор Прличев" во Охрид. Ќе бидат изложени дела од британската колекција, од Музејот на современата уметност во Скопје.

Планирани се и поставки на дела од уметниците Олгица Димитровска, Славица Јанешлиева, Филип Фидановски и од Александар Станковски. Серијата изложби е продолжение на проектот под наслов „Кич, да?! Сте или не?", кој почна лани. Се одржуваше под покровителство на Министерството за култура, а учествуваа МСУ, Националната галерија на Македонија, институциите во градовите и уметниците Јован Шумковски и Антони Мазневски. Организацијата, како и годинава, и' беше доверена на Дирекцијата за култура и уметност од Скопје.

### ПОЧЕТОК ОД ОХРИД

Целта на проектот е да се заштитат и нагласат ликовните дострели на нашите реномирани автори, вели Марија Ѓоргова, раководител на Одделението за ликовно творештво и галериска дејност при Министерството за култура.

- Истовремено се прави културно раслојување и дисперзија на ликовното творештво од национален интерес. Во МСУ има вредни дела од реномирани светски автори. Оваа богата збирка требаше да се отвори пред пошироката јавност. Во време на експанзија на кичот и се' поприсутната комерцијална уметност, промовирањето уметност од различни визуелни дисциплини е повеќе од оправдано - рече Ѓоргова на вчерашната прес-конференција.

Тим од МСУ, под раководство на Захаринка Алексоска-Бачева, кустос-советник, веќе неколку дена се во Охрид за да ја конципираат изложбата на избрани дела од британската колекција. Ќе бидат претставени 30 дела (слики, цртежи и графики) од Дејвид Хокни, Денис Бовен, Бриџит Рајли, Питер Филипс, Брајан Рајс, Ричард Ален и други. Сите дела му се донирани на Музејот по

Колумна
И сега каде?
пишува: Лазар Еленовски

Едиторијал
Саемот на книга во депресија
пишува: Лилјана Грчо Дамовска

Колумна
Стереотип
пишува: Митрополит Пимен

ВРЕМЕ

| Понеделник | Вторник |
|---|---|
| мин-макс 5/14 | мин-макс 0/20 |

ХОРОСКОП

КУРСНА ЛИСТА

| | |
|---|---|
| EUR | 61.41 |
| AUD | 33.65 |
| USD | 46.41 |
| GBP | 68.35 |

XML

графански СВЕТ
МАТИЦА НА ИСЕЛЕНИЦИТЕ
K-15 PRODUCTION
МАКСПОРТНЕТ
najdi.org.mk/blog
On.net
ШРЕМИН
Southeast European Times
TeleKabel
Мрежа ЖИВО НАСЛЕДСТВО
nabu.com.mk

катастрофалниот земјотрес во Скопје во 1963 година.

**ЗАДОВОЛСТВО ОД ЛАНИ**

По затворањето, изложбата ќе биде претставена во Дебар и во Кичево. До крајот на годинава делата од британските уметници ќе може да ги видат љубителите на уметноста во Гостивар и Тетово, Велес и Кавадарци, а потоа и во Битола, Прилеп, Струмица, Куманово и во Штип, соопшти Никола Глигоров, директор на Дирекцијата за култура и уметност.

- Лани постигнавме голем успех. Најважно од се' беше да ја однесеме уметноста во другите градови во Македонија. Да ги претставиме уметниците и дел од националното ликовно творештво. Посетивме десет града, отворивме 32 изложби. Ние уште во почетокот се определивме да му кажеме не на кичот - вели Глигоров.Како ќе се поместуваат изложбите, така ќе се отвораат нови. На 22 април веќе тргнува изложбата на Димитриевска. На прашањето дали Националната галерија излегува од проектот (со оглед на тоа што на конференцијата немаше нивни претставници) Глигоров одговори дека начелно е договорено во изложбите да влезе и поставката на графики од Галеријата. Директорката на МСУ, Елиза Шулевска, рече дека ова е добар начин да се изложат вредните дела од депото на МСУ. Таа нагласи дека во нивната колекција има повеќе од 4.700 уметнички дела од врвни светски уметници.

**Рецесијата го отфрли Да Винчи**

Изложба на дела од Леонардо да Винчи не може да дојде во Скопје поради рецесијата, соопшти директорката на МСУ, Елиза Шулевска. Веќе пет месеци имаме договор за дидактичка изложба на дела од Да Винчи, но рецесијата влијаеше и врз културата. Се обидовме на неколку начини, но прескапо е. Сите спонзори се повлекуваат. Се' уште не е се' изгубено, но големи се шансите изложбата да пропадне - рече Шулевска.

**ИНФО-Борба против кичот**

„Кич, да?! Сте или не?" е насловот на проектот преку кој неколку институции од областа на културата ќе се борат против кичот. Во 12 града во земјава ќе бидат отворани изложби на дела од домашни и од британски автори. Планирани се и поставки на дела од уметниците Олгица Димитровска, Славица Јанешлиева, Филип Фидановски и од Александар Станковски. Целта на проектот е да се заштитат и нагласат ликовните дострели на нашите реномирани автори.

**Весна Ивановска**

**Оставете коментар за објавената вест**

Од кого:

Коментар:

*Ве молиме впишете ја шифрата и притиснете испрати

0777

Испрати


© 2006 Дневник, сите права задржани